# ТОПОЛОШКА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

*Марко Карбевски* [1]
[1] *Сорсикс / МАНУ*
e-mail: Marko.Karbevski@gmail.com , Marko.Karbevski@Sorsix.com

Во последните години сме сведоци на огромен напредок во полето на машинското учење, како во научните академски кругови, така и во индустријата. Една од гранките на машинското учење која е во подем е токму тополошката анализа на податоци. Таа се занимава со анализа на податоците преку издвојување на тополошките и геометриските својства на податоците.

Во ова излагање, согласно прегледните трудови на Л. Васерман (L. Wasserman), Б. Мишел (B. Michel) и Ф. Шазал (F. Chazal), ќе се обидеме да презентираме дел од техниките и примените на тополошката анализа на податоци на реални проблеми.